Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo
Pranuar
Примено 22.04.2019
Received
Nj. org. / Орг. един. / Org. unit: 03
Numër / Број / No.: 25/2
Shtojca / Прилог / Attachment: 0
Vlera / Вредност / Value:

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 1409-39/3
15.04.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 24 седница одржана на 08.04.2019 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Превод и толкување" втор циклус студии на англиски јазик на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоистична Европа Тетово**

1. Се акредитира студиската програма **„Превод и толкување" втор циклус студии на англиски јазик на Факултет за јазици, култури и комуникации при Универзитет на Југоистична Европа Тетово** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 1 година (два семестри).

3. По завршените студии на англиски јазик настудиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање:
**- Магистер по превод и толкување**
Научно - истражувачко подрачје: Хуманистичкинауки
, Научно – истражувачко поле: 604, 612.
Научно – истражувачко област: 64004.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2019/2020......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Одлука на наставно научен совет на Факултет за јазици, култури и комуникации во Тетово, за усвојување на втор циклус



[1] 03-25/2 [2019]

студиските програми „Превод и толкување“, на англиски јазик на 28.01.2019 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 22 седница, одржана на 21.02.2019 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 24 седница одржана на 08.04.2019 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски